## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 21-05-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2829 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница - Пласница

3. **Датум на извршување на надзорот:** 20 мај 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница - Пласница ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница - Пласница во 2018 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2018 година, вкупниот број на вработени во телевизијата изнесувал пет лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 08.05.2019 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-2601/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 17 мај 2019 година (договори склучени помеѓу радиодифузерот и физички лица) е видно дека во телевизијата се вработени вкупно шест лица, од кои четири со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***